**ПОВИК бр. 35/2020**

За потребите на Проектот „Граѓанските организации и медиумите во контрола над работата на јавните претпријатија во Полошкиот Плански Регион”, Институтот за стратешки истражувања и едукација од Скопје, објавува

**П О В И К**

за избор на експерт кој ќе организира и спроведе тренинг за јакнење на капацитети за отчетност и транспарентност во раководење и управување на локални јавни претпријатија. Целна група на учесници на тренингот се: членови на советите, органи на управување на јавните претпријатија, лица во јавните претпријатија задолжени за постапување по пријави согласно релевантните закони, локалните граѓански организации, граѓански активисти и локални медиуми. Предвидено е тренингот да се одржи на почетокот на ноември 2020 година.

*Услови:*

- Да имаат завршени додипломски студии во областа на правото, економијата, политичките науки или јавната администрација;

- Да имаат искуство во работата од не помалку од две години и

- Да имаат спроведувано активности на теми поврзани со јавни набавки, јавни претпријатија, јавна администрација, транспарентност и отчетност или методологија на истражување.

Финансискиот износ на понудата да биде прикажан во бруто износ. За понудата препорачување да се користи образецот за понуди (СО 701) кој е достапен на интернет страницата на ИСИЕ. Во прилог на понудата се доставува и кратка биографија.

Тренингот ќе се реализира онлајн на платформата Зоом.

Рок за пријавување: **25.10.2020**

За сите дополнителни информации ве молиме обратете се на isie@mail.org. Понудите се доставуваат во печатена форма ИСИЕ или електронски на наведената електронска пошта.